Врз основа на член 24 од Законот за просторно и урбанистичко планирање (Службен Весник на Република Македонија бр. 51/05, 137/07, 91/09, 124/10, 18/11, 53/11, 144/12, 55/13, 163/13 и 42/14) и член 24 став 1 точка 23 од Статутот на Општина Ѓорче Петров, пречистен текст („Службен Гласник на Општина Ѓорче Петров" бр.18/13), **Градоначалникот на Општина Ѓорче Петров донесе:**

# ОДЛУКА

## За организирање на Јавна анкета и Јавната презентација по Одлуката за Утврдување на Нацрт Детален Урбанистички План за Градска четврт СЗ 11, Општина Ѓорче Петров-Скопје

### член 1

Со оваа одлука **се организира Јавна анкета и Јавна презентација по Одлуката за Утврдување на Нацрт Детален Урбанистички План за градска четврт СЗ 11, Општина Ѓорче Петров-Скопје,** утврден од страна на Советот на Општина Ѓорче Петров на 25.08.2015година со одлука број 08-2225/6.

### член 2

Соопштението за организирање на Јавна анкета ќе биде објавено во Јавните гласила **„Дневник и "Утрински весник" и веб сајтот на Општина Ѓорче Петров www.opstinagpetrov.gov.mk.**

### член 3

**Јавната анкета ќе трае 15 работни дена** од денот на објавување на Соопштението во јавните гласила од член 2 на оваа одлука.

### член 4

**Јавна анкета и Јавната презентација по Одлуката за Утврдување на Нацрт Детален Урбанистички План за градска четврт СЗ 11, Општина Ѓорче Петров-Скопје, ќе се спроведе со излагање на Нацрт планот во просториите на У.З. " Дексион" – Општина Ѓорче Петров .**

### член 5

Заинтересираните граѓани и правни лица во предвидениот рок ќе можат да ги дадат своите забелешки, предлози и мислења на анкетни листови.

### член 6

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во "Службен гласник на Општина Ѓорче Петров ".

**Број** 09-2396/1
03.09 **2015 година**
**Скопје**

**Општина Ѓорче Петров**
**Градоначалник,**
**Сокол Митровски**

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Општина Ѓорче Петров
СКОПЈЕ